ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q 025/2018

# ПРАВИЛНИК

**за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија**

**Скопје, август 2020**

Врз основа на член 9 став 1 точка 11 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18,198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), главниот државен ревизор на ден __________08.2020 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат внатрешната организација, видот и бројот на организациски единици и нивниот делокруг на работа, начинот на раководење и работа на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст: ДЗР).

Графичкиот приказ на внатрешната организација на Држаниот завод за ревизија (органограм) е даден во прилог и е составен дел од овој правилник.

**Член 2**

Внатрешната организација на ДЗР е утврдена во согласност со надлежностите на ДЗР утврдени во Законот за државната ревизија.

Со внатрешната организација на ДЗР утврдена со овој Правилник се обезбедува: законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите, независност и одговорност при вршењето на задачите.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

**Член 3**

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на ДЗР, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, се образуваат следниве организациски единици:

1. **Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ со две одделенија:**
    - Одделение за ревизија на субјектите од одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ и

- Одделение за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, правобранителството.

2. **Сектор за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, со две одделенија:**

- Одделение за ревизија на политичките партии и
- Одделение за следење на изборниот процес и ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. **Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа со две одделенија:**

- Одделение за ревизија на единиците на локалната самоуправа и
- Одделение за ревизија на јавните претпријатија, и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа.

4. **Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт со две одделенија:**

- Одделение за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт и
- Одделение за ревизија на трговските друштва основани од централната власт.

5. **Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата со две одделенија:**

- Одделение за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување и
- Одделение за ревизија на субјекти од областа на образованието и културата.

6. **Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со две одделенија:**

- Одделение за ревизија на субјекти од областа на здравството и